ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-3612
29.10 2021 год.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД Јануари – Септември 2021 ГОДИНА**

Во периодот од 01.01 до 30.09.2021 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 25.717 илјади денари.

Кумулативно за трите квартали од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 665.987 илјади денари, кој во однос на 2020 е поголем за 19%. Вкупните приходи од продажба се резултат на зголемени количини и цени на домашен пазар и странски пазар.

Друштвото оствари останати приходи 5.028 илјади од кои 50% се по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите, како и позитивни курсни разлики и останати приходи од работењето.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 641.510 илјади денари, кои во однос на 2020 се зголемени за 26%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите 40%. Најголемо влијание има пораст на цената на суровината која е по основ на берзанските движења;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се повисоки за 19% од минатата година, како резултат на зголемени транспортни услуги и услуги за одржување и заштита;
- Зголемување на останати нематеријални трошоци и трошоци за вработените;
- Зголемување на амортизација од 2% поради зголемување на вредноста на основните средства (резултат на континуирано инвестиционо вложување).
- Намалување на вредносно усогласување на тековните средства е по основ на намалување на залихите и побарувањата согласно старосната структура.

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема. Неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни се намалени.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје